Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 480 www.mchamber.mk 04.02.2022



# Да се формира Алијанса на регионално ниво која ќе работи на зајакнување на пазарот на трудот преку КИФ, поддржан од Германската влада, финансиран од Германската инвестициска банка (KFW)

*Изнаоѓање подобри решение за имплементација на Законот за работа во недела*

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# Во Стопанската комора се интензивираат активностите за изнаоѓање подобри решение за имплементација на Законот за работа во недела



Ставот на Стопанската комора е секаде каде тоа е неопходно заради производниот процес, или заради оптимизирање на работните процеси на компаниите, да се остави можноста за работа во недела, вели во интервју за Фактор, Билјана Пеева-Ѓуриќ, оперативен директор во Стопанската комора на Северна Македонија. Таа вели дека во законот не треба да се набројуваат дејностите кои ќе бидат исклучок од правилото да не се работи во недела со оглед дека, како што тврди, тие се менлива категорија, и дополнителните измени на закон и коригирање на дејностите и работните процеси каде работниците може или не, да работат во недела, што е долг процес, може да предизвика несогледливи последици. Во Комората деновиве интензивно се работело на нови предлози со кои треба да се најдат, како што вели Пеева-Ѓуриќ подобри решенија за имплементација на Законот за работа во недела.

Дали со овие предлози ќе се нарушат работничките права?

Билјана Пеева-Ѓуриќ: Стопанската комора е институција која ги застапува фирми а во фирмите се и работодавачите и работниците и во таа насока предлага решенија за подобрување на имплементација на Законот во интерес на сите. Новиот концепт на Комора на иднината е да се грижи за своите членки, а работниците се клучни за успехот на економските субјекти и доследно треба да се почитува нивното уставно загарантирано право на платен дневен, неделен и годишен одмор, меѓутоа истото во никој случај не смее да подразбира изречна забрана за вршење на економска дејност и повреда на принципите на пазарната економија на кои се темели уставниот поредок.

Во таа насока, компаниите членки на Комората имаат јасен став по прашањето за работа во недела. Во услови на отежнати услови за стопанисување, недостаток на кадар, треба да се остави можност компаниите самостојно да го организираат извршувањето на работите соодветно на спецификите на работните процеси од секоја дејност, а на работниците да им се обезбедат сите права од работен однос, што треба да вклучува и плаќање на дополнителен додаток поради работа во недела како ден за одмор.

Недела неработен ден согласно Законот со работни односи, се  применува од 1 јануари 2022 година. Но Стопанската комора не застана со активностите за докажување на неприменливоста

на ваквото законско решение. Што е спорното во законот што е неприфатливо за компаниите, за стопанството, за бизнисот.

Билјана Пеева-Ѓуриќ: Стопанската комора на Северна Македонија од самиот почеток  или пред повеќе од една година е вклучена во процесот на предлог измените на Законот за работни односи во врска со решението за „недела - неработен ден". Во целиот овој период, низ многу дискусии, дебати организирани со членките во Здруженијата и во рамки на органите и телата на Комората, на прес конференции пред медиумите, во директна комуникација со надлежните институции во Владата, аргументирано настапувавме и образложувавме дека доколку целиме да постигнеме повисок степен на економски раст што е во интерес на државата и општеството во целина, неопходно е да се обезбедат услови за работа кои ќе создадат поголема додадена вредност во компаниите и поголема конкурентност на македонската економија, а тоа подразбира и овозможување работодавачите да го организираат извршувањето на работите соодветно на спецификите на работните процеси од секоја дејност. При тоа, неспорно и за стопанствениците е дека согласно Законот за работните односи и колективен договор, на работниците треба да им се обезбедат сите права од работен однос и секако плаќање на дополнителен додаток поради работа во недела како ден на одмор.

Само за илустрација, за 12-те месеци во 2021 година имавме над 25 активности во континуитет за ова законско решение, што значи секоја втора недела во изминатата година сме биле активни по ова прашање, во согласност со барањата на компаниите.

На 11 јануари 2022 година, Стопанската комора покрена две инцјативи пред Уставниот суд за оценување на уставноста на измените на Законот за работните односии за Законот за трговија. По само десет дена, претседателот на Комората најави дека на 18 февруари 2022 година, на денот на 100-годишнината на Комората, Комората ќе ја повлече иницијативата пред Уставниот суд, доколку во меѓувреме се најдат взаемно прифатливи решенија.

Билјана Пеева-Ѓуриќ: Да, согласно Одлуката на Управниот Одбор на Стопанската комора на седница одржана на 21.1.2022 година, дека на 18 февруари 2022 година, на денот кога се одбележува 100-годишнината на Комората, Комората ќе ги повлече иницијативите пред Уставниот суд во врска со законските решенија за „недела - неработен ден", доколку во периодот што претстои се најдат сеопфатни решенија за проблемите со кои се соочуваат компаниите околу спроведувањето на Законите за работни односи и за трговија. За таа цел на 27.1.2022 година во Комората се одржа средба на 50-тина компании и претставници на Министерството за труд и социјална политика, и на Министерството за економија, на која се донесе заклучок да се поднесат иницијативи за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на двата закони со конкретни предлог-решенија и јасно изразен единствен став.

Кои се вашите предлог решенија или ставот на компаниите?

Билјана Пеева-Ѓуриќ: Согласно дискусијаташто ја имавмесо компаниите на споменатата средба беше констатирано дека дополнување на листата на дејности кои можат да работат во недела иако имаше за цел, сепак не ги опфаќа сите дејности кои не трпат одлагање и кај кои прекинот на работата според природата на работниот процес значи сериозни економски штети и загуби за субјектите, од причина што оцената за тоа кои се дејностите кај кои техничко-технолошкиот процес не може да се прекине и кај кои се налага потребата од континуитет во работата во недела треба да го вршат самите економски субјекти, а не законодавецот.



Така, со ова законско решение работодавачите од економските дејности на кои им се забранува работа во недела (пример, производство на неметални минерални производи) и кои имаат еднаква правна положба од аспект на обврските да ги намируваат данокот и другите јавни давачки кон државата утврдени со закон се ставени во нееднаква правна положба со работодавачите од економските дејности на кои им е дозволено да работат во недела (пример, производството на метали), од аспект на правата да остваруваат приходи и добивка. И кај едните и кај другите производните процеси се такви што бараат континуирано работење 24 часа 7 дена во неделата, а прекинот на работните процеси бара големи трошоци за рестартирање по само еден ден неработење и дополнително го зголемува ризикот од хаварии, со што и заштитата при работа на работниците е доведена под знак прашање.

Затоа ставот на Комората е секаде каде тоа е неопходно заради производниот процес, или заради оптимизирање на работните процеси на компаниите, да се остави можноста за работа во недела.Имено, во законот не треба да се набројуваат дејностите кои ќе бидат исклучок од правилото да не се работи во недела со оглед дека тие се менлива категорија, и дополнителните измени на закон и коригирање на дејностите и работните процеси каде работниците може или не, да работат во недела, што е долг процес, може да предизвика несогледливи последици. Дополнително, предлогот е решенијата кои се однесуваат за работа во ден на неделен одмор уредени во Законот за работните односи како lex generalis во областа на трудовото право, да се однесуваат за сите работодавачи без оглед на видот на дејноста која ја вршат, а не да се уредуваат во други закони, како што е на пример и сега со законот за трговија.

Дали вашите предлог решенија веќе се комуницирани со надлежните институции?

Билјана Пеева-Ѓуриќ: Предлозите од состанокот одржан на 27 јануари беа повторно доставени на разгледување до Управниот одбор на Комората, бидејќи овој орган во повеќе наврати дискутираше за проблемите кои би се предизвикале на терен од спроведувањето на законското решение за „недела - неработен ден". По спроведената консултација и добиеното одобрување од членовите на Управниот одбор, ја подготвуваме иницијативата до Владата за изменување и дополнување на Законот за работните односи и на законот за трговија, со кое решение ќе се спречи изречната забрана за вршење на економска дејност што претставува повреда на принципите на пазарната економија.

Дали ова значи дека паралелно со измени на Законот за работни односи барате да се интервенира и во Законот за трговија?

Билјана Пеева-Ѓуриќ: Да точно така. Со предлогот за измена во Законот за трговија, ќе се елиминираат неколку спорни обврски кои им се наметнуваат на трговците со што се ставаат во нееднаква позиција наспроти работодавачите од другите дејности, како на пример додатокот на плата за работа во недела и на празници кое изнесува најмалку 100 отсто за секој час поминат на работа наспорти 50 отсто за сите останати, или надоместокот во висина од 2 отсто од вкупниот приход остварен во претходната година за работа во недела и на празници.

## Азески: Да се формира Алијанса на регионално ниво која ќе работи на зајакнување на пазарот на трудот преку КИФ, поддржан од Германската влада, финансиран од Германската инвестициска банка (KFW)



Обезбедувањето стручен кадар за бизнисот е прашање број еден и така мора да се третира од сите субјекти, не само од државата. Без кадар нема бизнис, без бизнис нема нова вредност, а без нова вредност нема враќање долгови, ниту развој од 4 до 7 отсто за каков што сонуваме, порача претседателот на Стопанската комора и ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум Бранко Азески, во рамки на доделувањето грантови во вредност од 3.5 милиони евра за унапредување на стручното образование поддржан од Германската влада, финансиран од Германската инвестициска банка (KFW) и во соработка со Коморскиот инвестициски форум што се одржа на 31.1.2022 година во Скопје.

Комората, вели Азески предлага, преку македонското дипломатско-конзуларно претставништво во Германија да се испратат млади луѓе кои ќе учат од германските искуства и потоа, стекнатото знаење да го пренесат и применат тука. Стопанската комора прва го покрена решавањето на проблемот се немање стручен кадар во земјава и од нула ја крена бројката на 211 фирми кои лани склучија договори со школите.

Годинава, со германска поддршка, се очекува околу 500 компании да се вклучат во процесот на дуално образование. Тоа е впрочем и наш врвен приоритет зашто пандемијата и кризите ќе исчезнат, но ова е клучно прашање кое мора да се реши. Ако не беа проблемите што ги имаме



денес, со пандемијата и енергетско-финансиската криза, ова прашање ќе беше доминантно. Прашањето и е доминантно, но сега е „сокриено“ зад овие проблеми. Владата треба да го стави како врвен приоритет и да направи поместување на средствата од Буџетот за образованието. Ние знаеме дека тоа не може да се направи веднаш, но барем да се распредели во неколку наредни години.

Плавите униформи кои ги носеа сите учесници на Првиот национален настан беше идеја на претседателот на Комората Азески, и преставуваше симболика за поддршка на процесот на дуално образование и креирање стручен кадар за потребите на индустријата и техничките струки како еден од клучните предуслови за поддршка на економски развој.

За нашиотназјаначаен трговски партнер и поддржувач треба да направиме повеќе и во црпењето на нивните искуства, а тоа ќе го сториме ако во рамки на нашето дипломатско-конзуларно претставништво испратиме екипа млади луѓе кои ќе ги учат германските искуства, а потоа тука да ги имплементираат. Имаме одличен линк со германските комори, а претставништвото не може да биде третирано како сите останати зашто, сепак, Германија е наш најголем трговски партнер, водечка земја во Европа и нејзината поддршка е многу значајна за нас. Треба да се зголемат капацитетите и да се направи разлика, подвлече Азески по денешниот настан на кој 29 фирми – членки на Стопанската комора добија грант од околу 3,4 милиони евра за да го продолжат дуалниот модел на образование со седум стручни училишта и еден факултет заедно со 7 средни училишта и еден факултет во форма на 8 конзорциуми, за инвестиции во опрема и инфраструктура за стручни училишта и центри за обука во Северна Македонија кои склучиле конзорциум со компании за кооперативна обука на учениците, Поддршката е во различни сектори, машинската струка, прехранбен сектор, хемиска струка и здравствен сектор.

Претседателот Азески порача дека од овој заеднички настан за поддршка на дуално образование и за учење преку работа, мора да произлезе иницијатива за формирање Алијанса како процес преку кој на регионално ниво ќе се работи на  зајакнување на пазарот на трудот поддржан од Германската влада, финансиран од Германската инвестициска банка (KFW) и во соработка со КИФ. Но, за тоа да се реализира, потребно е и компаниите да разберат дека мора и тие самите да вложуваат доколку сакаат стручни работници.

„Ги одбравме овие компании бидејќи проектите со кои аплицираа беа најубедливи и најрелевантни, како и поради успешната докажана соработка со училиштата. Воедно ги задоволуваат и потребите на пазарот на трудот, односно продуцирање на соодветен кадар. “изјави Фридер Верман, раководител на тимот, Регионален фонд за предизвици

„Факт е дека проектите имаат пилот карактер и нема веднаш да го трансформираат целиот систем на средно стручно образование. Сепак, очекуваме дека овие проекти ќе дадат можности и поттик за понатамошен развој на системот за стручно образование и обука со вклученост на Министерството за образование и сите актери во секторот“, рече во своето обраќање Рене



Ешеман, директор на канцеларија на Германската банка за развој (KfW) за Косово и Северна Македонија.

На настанот присуствуваше и заменик амбасадорот на Германија во Р.С. Македонија, Ото Граф кој ја истакна важноста на соработката помеѓу институтите за стручно образование и компаниите за постигнување на прилагодена стручна едукација која ги опремува младите со вештините и компетенциите кои ги бара пазарот на трудот.

„Во земјите од Западен Балкан има висока младинска невработеност, а истовремено компаниите имаат недостиг на работна сила. Овој јаз се јавува поради неприлагоденоста на обуката што младите ја добиваат во стручните училишта на современите технологии и потреби во приватниот сектор. Проектите во доменот на кооперативна обука ќе помогнат во надминување нао овој јаз.“, истакна амбасадорот Граф.

Првиот повик за финансирање привлече 205 апликации од конзорциуми меѓу институции за стручно образование и обука и компании од шесте земји на Западен Балкан. Од нив 30 апликации пристигнаа од Северна Македонија, а со одлука на Комисијата за селекција беа избрани за финансирање 8 најуспешни проекти, изјави Балша Ќулафиќ, проект координатор на на КИФ. Вториот повик за грант кој се обезбедува преку Коморскиот-инвестициски форум и германската Развојна банка, се очекува да биде распишан на крајот од февруари.



# „Грин Машинс“ од Велес годинава ја стартува со испорака на возила во Франција

И оваа година, успешен старт на „Грин Машинс“од Велес. Одржувањето хигиена на најразлични надворешни површини , веќе по дефиниција им припаѓа на возилата од брендот „Грин Машинс“.
Овие еколошки се поатрактивни возила ги исполнуваат сите критериуми на системот за управување со квалитет и животна средина. Во светски рамки, „Грин Машинс“ преку овие возила ја промовира програмата за инвестиција во животна средина.

Охрабрувачки и мотивирачки е фактот што светот ја препознава мисијата на компанијата која активно партиципира со практични и иновативни решенија и производи кои се пласираат во повеќе од 42 земји.
„Во моментов, во погоните на „Брако“, се подготвува нова испорака за француските метрополи. Минатата година ја заокруживме со испорака на овие иновативни и единствени возила во Турција, а годинава ја стартуваме со испорака во Франција,“ велат од менаџерскиот тим на „Грин Машинс“.

Програмата на „Грин Машинс“, за почиста и позелена иднина, пласира возила со нула штетни емисии, на хидрогенски погон, со нула бучава. ГМ возилата во снежните денови, со помош на бројните додатоци се трансформираат и во чистачи на снег и распрскувачи на сол. Истовремено, ГМ возилата ги намалуваат трошоците за работна сила и одржување.

Наскоро започнува и сериското производство на најновиот модел GM400ze RS, целосно електричен и двојно помоќен од неговиот претходник. Благодарение на имплементираниот револуционерен систем за рециркулација на воздухот, зголемен е капацитетот за филтрирање на прав и количината на честички што се емитуваат е намалена за три пати.

Тие се совршени за различни надворешни површини. Од тесни улички до индустриски зони и места каде што се изведуваат градежни работи, до аеродроми и паркови и затоа што се екстремно тивки тие се вистински пријатели на пешаците.

Охрабрени од фактот дека светот правилно го препознава квалитетот на производите од оваа еколошка платформа, мисијата на „Грин Машинс“ продолжува. Тимот успешно ги реализира своите планови, а зголемената еко-свест во светски рамки, е дополнителен поттик за успешно справување и со сите непредвидени околности предизвикани од глобалната пандемија на Ковид-19.

# ВИТАМИНКА ГИ ПРЕТСТАВУВА СВОИТЕ ПРОИЗВОДИ НА САЕМОТ ISM 2022 ВО КЕЛН



Витаминка ги претставува своите производи на саемот ISM 2022 во Келн, Германија, којшто се одржува од 30ти јануари до 2ри февруари. ISM 2022 е најголемото саемско случување за кондиторски производи и присуството на овој саем е единствена можност за воспоставување нови деловни релации и пробивање на странски пазари. Оваа саемска манифестација важи за најдоброто место каде што една компанија може да се информира за движењата на пазарот и за сопствените компетитивни предности.

ISM Келн е најголем светски саем специјализиран за кондиторија. Тука изложуваат најзначајните фирми од оваа индустрија и доаѓаат посетители од целиот свет. Годинава, иако под пресија на пандемијата, со програмата, учесниците, активностите и можностите што ги нуди, ISM Келн уште еднаш си ја потврди репутацијата како најзначајно место за промовирање на еден производител. Витаминка е редовен изложувач на овој саем и според досегашното искуство можеа да се уверат во придобивките и реалните резултати. Истовремено, со својата разновидна, богата и квалитетна понуда високо се позиционираа на нивото на најреномираните светски производители и изложувачи присутни тука.

Оваа година на саемот во Келн учествуваат повеќе од 1800 производители од 76 земји од светот, а се очекуваат повеќе од 38 000 посетители од индустријата и сегментот кондиторија сите страни на светот.



# ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ЌЕ КОРИСТИ ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ВО ПРОИЗВОДНИОТ ПРОЦЕС



Еуроникел Индустри инсталира соларна постројка чија енергија ќе се користи во финалните фази од производниот процес. Фотоволтаиците се со капацитет од 153Kw на час во пик и постројката ќе го напојува новоинсталираниот систем за сушење на финалниот производ – фероникел гранули. Постројката веќе е приклучена на внатрешната енергетска мрежа. Користењето обновливи извори на енергија во производниот процес е дел од обемните инвестициски планови и проекти на Еуроникел Индустри чиј крајна цел е унапредување на целокупните работни перформанси, особено во делот на енергетиката и заштита и подобрување на животната средина.

„Соларната постројка е поврзана со системот за сушење на нашиот финален производ – фероникел гранули, што е многу важно за целосната оперативност на компанијата и трансформацијата кон користење обновливи извори на енергија во производниот процес. Придобивките од оваа инвестиција се повеќекратни, добиваме производ претпочитан од нашите клиенти, а сето тоа на енергетски ефикасен начин, со што придонесуваме и кон заштита на животната средина. Ова дополнително ја зголемува компетитивната предност на Еуроникел Индустри во однос на другите производители на фероникел. Поставувањето фотоволтаици е само првиот од повеќе планирани инвестиции во обновливи извори на електрична енергија што, исто така, е дел и од нашата посветеност на заштита и унапредување на животната средина“, изјави Герасим Кујунџиев директор на Еуроникел Индустри.

Целокупниот проект за инсталирање на соларната постројка е изработен исклучиво со сопствени ресурси од страна на подружницата на Еуроникел Индустри, Нова Инжиниринг, којашто ги поседува сите лиценци за проектирање и изработка на ваков вид проекти, а во соработка со инжeнерите и стручните лица од компанијата. Со овој проект, Нова Инженеринг уште еднаш ги демонстрираше своите разновидни компетенции да изработува специјализирани “custom-made” проекти согласно потребите на своите клиенти и тоа од нацрт проект до пуштање во работа.

Еуроникел Индустри е производител на висококвалитетен никел којшто го пласира на европскиот и светскиот пазар во конкуренција со производители од Европа, Америка, Канада, Австралија и други. Притоа компанијата ги имплементира сите најсовремени производни методи и стандарди за заштита на животната средина.

# НЕ ПОСТОИ ПОДОБРО ВРЕМЕ ОД ДЕНЕС ЗА ЕДЕН ПРЕТПРИЕМАЧ



За воспоставувањето на екосистем за стартапите, иновацијата и технологијата при развојот на бизнис идеја, како и ставот и информираноста на младите за започнување на сопствен бизнис разговараме со Игор Маџов, од Стартап Македонија.

Игор Маџов е инвеститор, претприемач и повеќе од 10 години е вклучен во раст и развој на Стартап екосистемот во Македонија и Југоисточна Европа. Како коосновач и претседател на Стартап Македонија е во постојан контакт со предизвиците кои ги имаат стартап компаниите и ги поврзува најуспешните бизниси со изворите на финансирање од Македонија и странство во рамки на Швајцарската програма за претприемништво во улога на инвестициски фасилитатор западен балкан. Во изминатите години има соработувано со над 200 стартап компании и овозможено да дојдат до финансирање за своите иновативни и технолошки продукти преку пристап до equity инвестиција (ангел инвеститори, VC i PE фондови). Своето образование го има стекнато на Економскиот факултет во Скопје, а преку разни едукативни посети и стражувања има работено со иновативни центри од Јапонија, Швајцарија, Шведска и САД. Игор верува дека преку дигитална трансформација, иновација, вмрежување и правилно искористување на ресурсите може да се направи значително влијание на општеството во кое сите имаат право да ги реализираат своите амбиции.

Г-дине Маџов, повеќе од 5 години работите во доменот на воспоставување на екосистем за стартапите во С.Македонија, каква е состојбата сега во овој домен?

- Стартап Македонија ја основавме во 2016 како приватна асоцијација која повеќе од 5 години е стратешки насочена со своите активности кон развој на стартап екосистемот. Има голем напредок во понудата на сервиси, расположливо знаење и ресурси за развој на иновативните и стартап бизнисите благодарение на меѓусебната соработка и значително зголемување на бројот на успешни компании кои бараат услуги. Ако погледнеме каде бевме и каде сме сега споредено со поразвиените екосистеми можеме дури сега во последната година да зборуваме за екосистем кој од фаза на формирање преоѓа во рана фаза и застанува на свои нозе. Забележуваме веќе критична маса на претприемачи и компании, понудувачи на програми како акцелератори и инкубатори, зголемен број на извори на финансирање-инвеститори и други чинители како корпорациите, донорите. Државата покажува значителен интерес за стартапи што дополнително ветува дека само ќе расте подршката за оваа група на бизниси со голем потенцијал за раст.



Колку македонските претприемачи ставаат акцент на иновации и технологија при развој на бизнис идеја?

- Не е воопшто лесно да се отпочне бизнис, а уште помалку да се има притисокот дека треба да биде иновативен и со светски аспирации. Она што претприемачите треба да си го постават е дали производот или услугата која ја развиваат има значителна додадена вредност за нивните клиенти и колку тие се спремни да платат. Во изминатите години особено преку повиците на Фондот за иновации забележавме зголемување на нивото на иновативност на бизнис идеите, но недоволно беа направени истражувања на пазарот за дали за таа иновација има доволно голем пазар од кој би се креирал бизнис. Не го исклучувајте локалниот пазар иако можеби изгледа полесно да се продава надвор сепак живеете тука и има многу што да се иновира и да се искористи ова поднебје за тестирање.

Дали сметате дека постои доволна информираност кај младите за започнување на сопствен бизнис?

- Не постои подобро време од денес за еден претприемач. Постојат голем број на организациии за бизнис подршка, но таа треба да се побара зошто со сила никој неможе никому да му помогне или знаење да му даде. Животот на претприемач е непредвидлив, а младите во суштина се плашат да превземат ризик. Стравот од неуспехот е најголемата пречка и потребно е демистифицирање на неуспехот кој е главен предуслов за успех. Затоа од особено значење е младите да бидат проактивни и да комуницираат уште во универзитетските денови со претприемачи и да учат од нивните искуства и неуспеси. Многу успешни бизниси настанале уште во Универзитетските клупи, но статистички најголем број од бизнисите се отворени од искусни млади професионалци кои работеле со вистински клиенти и вистински проблеми, а потоа решиле наместо да работат за други, сами или со коосновачи да креираат компанија.

Според Вас, колку едукацијата на младите лица помага во креирањето на идни претприемачи?

- Универзитетите и формалното образование со своите програми се незаменливи во креирање на работни навики, запознавање со процесите и универзалните знања, но креативно и критичкото мислење како да изоставува. Денес кога имаме пристап до знаење повеќе од било кога, се потешко е да се научат тие меки вештини и добијат искуства кои се незаменливи во полето на бизнисот. Затоа неопходно е младите да се вклучуваат што е можно повеќе во различни едукациски програми каде ќе бидат во контакт со претприемачи и луѓе со искуство, да ги научат основите за бизнис преку различни инкубаторски програми и да пробаат нешто свое. Највредниот ресурс кој го имаат младите е времето.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Онлајн семинар

09.02.2022

# ПЛАНИРАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ И КРЕИРАЊЕ НА “КЕШ БУЏЕТИ“ СО НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

Екселот е  алатка за планирање и предвидување на идните готовински текови. Со него може да се изготви детален преглед на паричните текови и изготви таканаречен “Кеш Буџет“, кој може едноставно да се објасни како документ кој претставува листинг на антиципирани готовински приливи и одливи на компанијата за одреден период. Станува збор за еден од најкомплексните документи со многу меѓусебно поврзани делови и целини.

Изработката и апдејтирањето на кеш буџетот за големите фирми не е алтернатива, туку базична потреба. За разлика од Планскиот Биланс на Успех, Кеш Буџетот опфаќа само актуелни парични текови.

Целта на обуката е да се креира комплетен документ (софтвер) за идните готовински текови и Кеш Буџет, со трите дела (работна платформа, листинг на сите готовински приливи и одливи и калкулација на крајниот кеш баланс и детерминирање на потребата за позајмување на средства- задолжување).

Овој семинар обезбедува рамка за разбирање на процесот на финансиската контрола и буџетирањето, со користење на напредни Ексел алатки – во функција на создавање на информациски систем за финансиско предвидување, планирање и контрола.

Преку овој онлајн семинар ќе дознаете како да го изготвите Кеш Буџетот за детерминирање на планските претпоставки за финансиските планови и како истите да ги разберете на начин кој ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Предавач: Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот “Свети Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот во Валенсија. Покрај универзитетската кариера предава на обуките за брокери и за инвестициски советници организирани од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

**Сите заинтересирани за учество  да се пријават најдоцна 7 февруари 2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3318&lng=1



Онлајн семинар

17.02.2022

# Примена на аналитика за човечки ресурси за нивно подобро менаџирање и остварување на врвни индивидуални и организациски перформанси

Интелектуалниот капитал е највреден ресурс во организациите. Затоа, регрутацијата и селекцијата на најдобрите вработени, мерењето на перформансите на вработените и поставување на таргети за нивно подобрување, промоција на вработените, воспоставување на систем на награди според аналитички модел, предвидување на одлив на кадарот и развој на стратегии за негово задржување се клучни за подобро менаџирање на човечките ресурси, подобрување на нивните перформаси и на перфромансите на организациите. Развојот на технологијата се повеќе ја наметнува потребата за стекнување знаења и вештини за управување со податоци за вработените и креирање на метрики, аналитички модели и интерактивни извештаи во Power BI кои ќе озвоможат извлекување на вредни информации од податоците и носење на одлуки со кои подобро ќе се менаџираат човечките ресурси. За таа цел, примената на аналитиката на човечки ресурси е од круцијално значење во ораганизациите. Во таа насока, Стопанската Комора на Северна Македонија организира онлајн обука на тема: „Примена на аналитика за човечки ресурси за нивно подобро менаџирање и остварување на врвни индивидуални и организациски перформанси “ на 17.2.2022 година.

За кого е наменета обуката?

Обуката е наменета за сопственици, менаџери за човечки ресурси, вработени во секторот за човечки ресурси, професионаллци и консултанти за човечки ресурси, но и сите кои сакаат да се стекнат со најбараните вештини на 21-от век во областа на аналитика на човечките ресурси.

Предавач:

Д-р Виолета Цветкоска е вонреден професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ на дисциплините Основи на бизнис аналитика и Операциони истражувања и сертифициран професионалец за човечки ресурси. Таа е глобален експерт за аналитика и бизнис моделирање и советува менаџери во донесување на подобри одлуки преку трансфмирање на податоците во вредни сознанија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 15.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3319&lng=1

Онлајн семинар

22.02.2022

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ИЗВЕСТУВАЊА ДО ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД КАКО ОБВРСКА НА РАБОТОДАВАЧОТ, АНАЛИЗА НА ОСНОВИТЕ ЗА ВАКВИТЕ ИЗВЕСТУВАЊА И РАКОВОДЕЊЕ ПО КОНТРОЛЕН ЛИСТ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 22 февруари 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема „Задолжителни известувања до инспекторат за труд како обврска на работодавачот, анализа на основите за ваквите известувања и раководење по контролен лист“.

Во рамки на обврската на работодавачот за упатување известување до инспекторатот за труд за работа под одредени услови, се вбројуваат токму областите кои ќе бидат предмет на обработка на оваа работилница.

Првично, ќе се анализира работата на празник со определување на нејзиниот поим и последователните обврски на работодавачот.

Потоа, ќе се дискутира за прекувремената работа преку осврт на основите за нејзино воведување и спроведување, како и работата ноќе, преку укажување на задолжителните права на работниците, чија заштита мора да биде од највисок приоритет.

Крајно, ќе се разгледа и работата во недела, при што ќе се разгледаат и актуелните суштински измени во оваа област.

При анализата на овие теми, ќе се потенцира начинот на кој може да се воспостави комуникација со надлежниот инспекторат за труд со цел да се оствари законската обврска за негово известување. Притоа, ќе се посочат релевантните обрасци за известување кои е потребно да се достават, како и начинот за нивно потполнување и испраќање, а ќе се прегледа и достапниот контролен лист за усогласеност со обврските по Законот за работни односи.

Предавач: Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право;

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3324&lng=1



Онлајн семинар

23.02.2022

# ПЕТ АВЕНИИ ЗА РАСТ ВО 2022 - КАКО ДА СПРЕЧИТЕ ПАД НА РАСТОТ-

Стопанската комора на Северна Македонија, на 23 февруари 2022 година, организира еднодневна „он-лајн“ работилница на тема: „ПЕТ АВЕНИИ ЗА РАСТ ВО 2022: КАО ДА СПРЕЧИТЕ ПАД НА РАСТОТ“

Цел на работилницата:

Постојат безброј можности на пазарот за раст и развој на компаниите, во теорија. Сепак, во пракса она што можеме и треба да го направиме е ограничено на неколку алтернативи. Истовремено, иако можностите се навидум неограничени, методите за раст се ограничени.

Кои методи за раст се популарни во 2022? И дали еден или повеќе од тие методи одговара за Вашата компанија?

Тема на оваа работилница се петте можни методи за раст кои се популарни за средни и големи компании во 2022 година. Искуства сублимирани од работа со преку 100 консалтинг клиенти ќе бидат поделени и продискутирани со учесниците во работилницата. Преку практични примери (case studies) методите за раст ќе бидат претставени во контекст на компаниите кои ќе имаат свои претставници за време на работилницата.

Предавач:

Александар В. Рибаќ е претприемач со богато бизнис искуство во земјата и странство. После три компании во регионот, и три во странство, сега работи како консултант на повисокиот менаџмент преку својата компанија во Лондон, додека ја спрема својата нова компанија. Александар ја направи TSM Global Ltd. која беше прогласена за најдобрата компанија за блокчејн маркетинг во светот од страна на GoodFirms.co. TSM Global ltd. им помогна на блокчејн компаниите кои инкасираа $300 милиони во инвестиции а сега вредат 4 милијарди долари. Од време на време Александар работи и како инвеститор и директор во стартап компании или е привремен извршен директор на интернационални дигитални компании. www.aleksandarvribak.com.

**Сите заинтересирани за учество можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3322&lng=1

Онлајн семинар

24.02.2022

# ОПТИМИЗАЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО ПО 5С МЕТОДОЛОГИЈАТА

Стопанската комора на Северна Македонија на 24 февруари 2022 година организира еднодневен „он-лајн" семинар на тема: „Оптимизација и уредување на работното место по 5С методологија".

5С методологијата е една од основните алатки за изградба на KAIZEN филозофијата, како и воспоставување на LEAN системот во производствените и непроизводствените претпријатија.

5С е структуиран пристап за развој на работната дисциплина. Всушност, 5С е јапонска методологија развиена од страна на „Toyota". Тоа е техника во 5 чекори која служи за промена на свеста на вработените во работното опкружување. Оваа методологија можеби изгледа како една од техниките за чистење, но не е само тоа, заднината е подлабока! 5С помага да се идентификуваат и елиминираат некорисните работи/отпад на работното место. Помага во воспоставување на попродуктивно и поквалитетно работно опкружување. Ја поттикнува компанијата да ги следи објектите/прашањата кои често се занемарени. 5С е алат за оптимизација на работните места.

Суштинската корист која 5С методологијата треба да ја донесе во компанијата е промена на однесувањето или промена на навиките на вработените во целите на оптимизација на работата во работните места, а со самото тоа и оптимизација на работата на компанијата.

Тоа подразбира запознавање со нејзините 5 принципи: Сортирање и класификација (Sort), Функционално распоредување или уредување (Set in Place), Чистење (Shine & Sweep), Стандардизирање (Standardise) и Прием и одржување (Sustain).

Предавач:

- Слободан Аќимовиќ, директор и водечки консултант во компанијата „TQM Konsalting" од Нови Сад. Петнаесетгодишно искуство на позиции директор во различни области („Mitros Music" - Белград (увоз, дистрибуција и продажба на музички инструменти и опрема), „ABC Proizvod" - Ужице (производство на котли за централно греење), „Mobes Quality" - Нови Сад (консултантска куќа); Lead auditor за ISO 9001, ISO 27001, проект-менаџер по PMI-методологија итн. Како директор на компанијата „TQM Konsalting" од Нови Сад, од 2010 година раководи со тим на консултанти за имплементација на системи на менаџмент во организации во Србија, Црна Гора и БиХ.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3323&lng=1



Онлајн семинар

24.02.2022

# ПОДГОТОВКА НА ПОДАТОЦИ, ПРЕДИКТИВНО МОДЕЛИРАЊЕ СО МЕТОДИ ЗА ПОДАТОЧНО РУДАРЕЊЕ И МАШИНСКО УЧЕЊЕ ВО EXCEL I POWER BI ЗА ПОДОБРИ БИЗНИС РЕЗУЛТАТИ

Во оваа дигитална ера, клучната „суровина" за постигнување на конкурентска предност на компаниите и остварување на подобри резултати од работењето се податоците. Нивниот обем, брзина со која се креираат, извори од кои доаѓаат им задава нов предизвик на компаниите и само ако знаат како да ги подготват податоците за анализа, да ги анализираат, моделираат, визуелизираат тие ќе можат да носат подобри одлуки и да креираат вредност (зголемен профит, удел на пазарот, ефикасност, задоволство на вработени, клиенти, добавувачи, итн.). Предиктивната аналитика дава одговор на прашањето што ќе се случи во идниниот период? и врз основа на добиените сознанија, компаниите ќе може да ги преземат потребните акции за постигнување на клучните индикатори на перформанси. Покрај тоа, методите и алатките на предиктивната аналитика овоможуваат утврдување на тоа што влијае на остварување на успешни резултати. Во таа насока, обуката има за цел да ги воведе слушателите во најсовремените методи на машинското учење, податочното рударење за предвидување на идните резултати и двигалтели на успешни резултати кои ќе се применуваат на низа практични примери.

Обуката е наменета за сопственици, менаџери, професионалци и консултанти за податоци, но и сите кои сакаат да се стекнат со најбараните вештини на 21-от век во областа на предиктивната аналитика.

Предавач:

Д-р Виолета Цветкоска е вонреден професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ на дисциплините Основи на бизнис аналитика и Операциони истражувања. Таа е глобален експерт за аналитика и бизнис моделирање и советува менаџери во донесување на подобри одлуки преку трансфмирање на податоците во вредни сознанија. Има голема „архива" на меѓународно искуство и стекнати признанија и награди од водечките меѓународни здруженија во нејзината област. На извонреден начин го пренесува своето знаење за клучните вештини на 21-от век (бизнис интелигенција, бизнис аналитика, наука за податоци, вештачка интелигенција, машинско учење, моделирање) со цел да им помогне на организациите да имаат обучени професионалци за податоци за да можат да ги подобрат своите перформанси и да остварат конкурентска предност.

**Сите заинтересирани за учество можат да се пријават најдоцна до 22.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3320&lng=1

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088